| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Ран зеленчук |
| **Содржина на денот** | Зеленчук |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема –Зошто треба да ги миеме рацете пред јадење. |
| **Активности** | Заедно со детето разговарајте за посетата на зелениот пазар од предходниот ден и поттикнете го да го именува зеленчукот кој го видовте и вкусивте. Користете го зеленчукот кој го имате во Вашиот дом и понудете му го на детето да го допре, да ги забележи неговите карактеристики и да ја погодат неговата боја. Потоа на детето прочитајте му ја стихотворбата за зеленчук (види стихотворба во прилог). Читајте гласно, разбирливо, полека со цел детето да го мотивирате да ги запомни стиховите и да може да ги рецитира самостојно. Повторувајте ги стиховите повеќе пати и барајте од детето да повторува по Вас. Потоа заедно може да подготвите пролетна зеленчукова салата.<br><br>ЗЕЛЕНЧУК<br><br>На пазар денес<br>ме однесе мама,<br>наполнивме торба<br>за зеленчукова чорба.<br><br>Гарашок, моркови.<br>Домати, марула и праз,<br>витамини многу јадам,<br>здрав да бидам јас. |